# *Општи информации за програмата „Аргон заварувач“*

БИЗНИС ЦЕНТАР
ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА
BUSSINES CENTER FOR
TRAINING AND EDUCATION
Модули на доживотно учење
*Акредитирани програми од*
*Министерството за образование и наука*
*на Република Македонија*

Програмата за струката „Аргон заварувач“ е составена според современите наставни планови и прилагодена на најновите начини на работа. Покрај теоретскиот дел особен акцент е ставен на практичната обука на учесниците. Теоретскиот дел на програмата се реализира во посебно опремени училници, а праксата се изведува во реални услови, во најдобрите компании во Република Македонија. При разработката на стручната теорија се води сметка за индивидуалните можности и способности на кандидатите и истата се реализира преку различни интерактивни методи на настава.

На крајот на успешно реализираната обука кандидатите стекнуваат Сертификат акредитиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија со кој се потврдува работната оспособеност за струката.
Максимален број на учесници во една група е 8-14 луѓе.
Програмата се состои од 70 часа теорија и 170 часа практична настава.

По завршување на обуката учесникот ке биде во состојба да:

- го организира работното место;
- ги мери и контролира со метро, подвижно мерило и аголни;
- применува прописи за заштита при работа
- ги продлабочи знаењата во функција на самостојно изведување на занимањето;
- разликува постапки на заварување;
- чита и анализира симболи на заварени врски;
- користи опрема за гасно заварување и регулира пламен;
- користи техничка документација;
- заварува со примена на разни техники гасно со оксиацетиленски пламен
- користи опрема за заварување и заштита при работа;
- изведува завари според работниот налог; челни, преклопни, аголни надворешни, Т двоен агиолен спој без подготовка на жлебови за заварување;
- изведува различни завари со МАГ постапка на заварување според работниот налог: челни, преклопни, аголни надворешни и Т аголни споеви без подготовка на жлебови за заварување;
- користи опрема за заварување и заштита при работа;
- заварува споеви челни, преклопни, аголни надворешни, двострани аголни без припрема на жлебови за заварsвање
- заварува разни завари на разнородни, истородни и обоени метали
- Подготвува бизнис-план.

Во врска со уписите и другите детали поврзани со програмата контактирајте со нас на подолу наведените контакти.

Симона Ристоска
+ 389 2 3244067
simona@mchamber.mk

Борис Тримчев
+ 389 72 20 70 91
boris@mchamber.mk